Проектот е финансиран од Европската Унија

„МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ЗА СИЛЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА"

# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

**Пристигнати до 13 април 2022 година, 17.00 часот**

# ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ

Во рамките на проектот:

# „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“

финансиран од Европската унија,
ИПА програма за поддршка на мрежи и платформи на граѓански организации во Република Северна Македонија:
EuropeAid/167061/DD/ACT/MK

**Датум на објава на повикот:** **29 март 2022 година.**

**Краен рок за аплицирање:** **29 април 2022 година, до 23.59 часот**

ЕУ со ТЕБЕ

СЕГА Коалиција на младински организации www.sega.org.mk

СОС ДЕТСКО СЕЛО

forumi i gruas женски форум women's forum

| Прашања | Одговори |
| --- | --- |
| **П1:** Во врска со објавениот Повик за доделување на грантови, се обраќаме за појаснување во врска со неприфатливите трошоци наведени на стр. 8 од Упатството каде е наведено дека во оваа категорија се опфатени и „трошоци за плати за лица кои работат во државните администрации“.<br><br>Нашето прашање е дали во оваа категорија влегува и наставниот/соработничкиот кадар на универзитетите?<br><br>Имајќи во предвид дека во чл. 160 од Законот за високо образование е предвидено дека лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност не се сметаат за дел од јавната администрација и на нив не се применува Законот за вработените во јавниот сектор, ве замолуваме за информација дали лице односно лица со овој статус може да бидат ангажирани за плата и/или хонорар на проект од наведениот повик. | Во согласност со правилата за овој повик, „Трошоци за **плати** за лица кои работат во **државните администрации“** се неприфатливи трошоци. Меѓутоа, може да бидат ангажирани хонорарно како надворешни соработници (буџетска категорија 4 и 5), надвор од нивното работно време во институцијата, потврдено со клаузула во договорот за ангажман.<br><br>Апликанти може да бидат **граѓански организации** кои работат со млади лица, активни на територијата на Р.С. Македонија и регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации. Персоналот на проектот може да биде ангажиран со плата или хонорар. |
| **П2:** На кој начин се врши буџетирањето на проектот? Колку проценти се исплаќаат за отпочнување на проектот, а колку е остатокот што се исплаќа отпосле?<br><br>Дали организацијата треба да ги исплати/фактурира сите трошоци од сопствени средства и приложи на донаторот дека се готови, пред да го добие вториот дел од грантот? | Исплатата на средствата од грантот ќе се врши на 3 рати. Првата рата (авансна) е во износ од 50 % од грантот, а се исплаќа по одобрување на грантот и потпишување на Договор за грант. Втората рата во износ од 40 % од грантот, се исплаќа по одобрување на Периодичен извештај на грантистот. Третата и последна рата во износ од 10 % се исплаќа по одобрување на финалниот извештај. Сите трошоци треба да се реализирани / фактурирани во времетраењето на грантот за да бидат подобни трошоци. |

| | |
|---|---|
| **П3:** Јас сум XXXXXXX XXXXXXX - Претстедател на Спортско XXXXXXXX Клуб XXXXXXX- Скопје ( правен субјект регистриран согласно Закон за спорт и Закон за здружение на граѓани).<br><br>Како здружение на млади веќе доста долго работиме на развој на рурални средини преку алтернативен туризам и поттикнување на локално вработување, па така и наидовме на Вашиот повик за грант за Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата.<br><br>Ме интересира дали како спортски клуб што е регистриран согласно споменатите закони и делува во иста насока како и предизвиците кон кои тежнеете Вие да се остварат со повикот, сме подобни за аплицирање на објавениот повик? | Апликанти на овој повик може да бидат **граѓански организации** кои работат со млади лица, активни на територијата на Р.С. Македонија и регистрирани согласно **Законот за здруженија и фондации**. |
| **П4:** Во однос на јавниот повик за „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата", имаме две прашања:<br>1. Во буџетската рамка, има три колони , за трошоци, појаснувања и објаснувања. Некако ни фали делот за пресметка на единици (ви испраќаме во прилог обележано со црвено на што мислиме) и дали треба да се наведат цифрите само во Б колона?<br><br>2. Во логичката рамка. За општа цел е наведено „Најмногу 1", што е во ред, но и за Специфични цели е наведено „Најмногу 1", а обично имаме неколку специфични цели кои сакаме да ги постигнеме..па ако може мало појаснување. | Во Прилог 2 – Образец за Буџет, има две картички. Во првата картичка треба да се наведе буџет за проектит а во втората картичка треба да се појасне оправданоста и методот на пресметка на секоја буџетска линија. Двете картички мора да бидат уредно пополнети.<br><br>Во логичката рамка како и во Прилог 1 – образец за апликација, се препорачува да се дефинира една специфична цел, обезбедувајќи појасна мерливост. Следете ги појаснувањата за пополнување на Логичката рамка. |

| | |
|---|---|
| **П5:** Во врска со повикот за доделување на грантови во рамки на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата" и по минато неделната информативна сесија беше напоменато дека апликанти и корисници во рамка на ИПА програмата не се подобни за аплицирање.<br><br>Во однос на ова би сакала да го поставам следново прашање: Дали ние како организација (XXXXXXXXX) сме подобни да аплицираме на вашиот повик, со тоа што моментално сме субгрантисти на договор за грант потпишан помеѓу ЕУ - DG NEAR и Дивац Фондација (EmploYouth - спроведуван од Младински Сојуз Крушево)? | Организациите кои се **водечки апликанти** или **ко-апликанти** на *ИПА Програмата за поддршка на мрежи и платформи на граѓански организации во Република Северна Македонија со референтен број: EuropeAid/167061/DD/ACT/MK* **не се подобни** како апликанти на овој Повик.<br><br>Суб-грантистите во рамки на проекти поддржани од оваа прогграма со горенаведениот референтен број, како и суб-грантисти од други програми **се подобни** како апликанти на овој повик.<br><br>За појаснување, нема да бидат прифатливи „трошоци пријавени од страна на грантистот/ите, а финансирани од друг проект или програма за работа кои добиваат грант од Европската Унија (вклучително и преку EDF) или се веќе финансирани од други донатори" |
| **П6:** Дали административните трошоци се однесуваат за 7% од вкупниот буџет или од директните трошоци? | Административни трошоци се однесуваат на најмногу до 7 % од **вкупните директни трошоци.** Проверете ги забелешките кои се наоѓаат во Прилог 2 – буџет. |
| **П7:** Дали на повикот може да се јават организации без претходно искуство, попознати како newcomers? | Апликантите треба да се регистрирани најмалку една година пред објавата на повикот, односно најдоцна до 29 март 2021 година. |
| **П8:** Дали тековната состојба треба да биде доставена во оригинал или може и копија не постара од 6 месеци? | Тековната состојба на апликантот, издадена од Централен регистер не постара од 6 месеци, заедно со другите прилози, се доставува во електронска форма (скенирана верзија). |
| **П9:** Дали изработка на софтвер е лимитиран процентуално, односно дали може да биде активност? | Изработка на софтвер може да биде активност, нема процентуален лимит освен неприфатливите трошоци кои се наведени во Поглавје 7 од Упатството за Апликанти.<br><br>Не се препорачува изработка на софтвер / апликација како главна активност на проектот. Се препорачува да се води сметка за соодносот помеѓу проценетите трошоци и очекуваните резултати и исходи. |

| | |
|---|---|
| **П10:** Дали лицата ангажирани во проектот, односно проект менаџерот може да биде ангажиран со дополнително работно време? Дали сумите се прикажуваат во бруто износ во евра? | Персоналот на проектот може да биде ангажиран преку плата или хонорар (во случај лицето да не е вработено во организацијата апликант).<br><br>Доколку некој од персоналот е вработен во организацијата треба да соодветно да се применува Законот за работни односи, имајќи ја предвид и можноста за дополнително работно време (дополнителни 10 работни часа неделно). Доколку се утврди дека член на персоналот е вработен во организацијата согласно Законот за работни, но ангажманот во рамките на грантот се исплаќа во вид на хонорар, трошокот ќе се смета за неподобен.<br><br>Сумите во буџетот се презентираат во бруто износ во евра. |
| **П11:** Проектен Координатор и персоналот што го води проектот дали може да биде од редот на постојано вработените лица во организацијата ? Или мора да се ново ангажирани лица? | Персоналот на проектот, може да биде од редот на постојано вработените лица, но исто така може да бидат и ново ангажирани лица во согласност со процедурите и практиките на организациите.<br><br>Дополнително, проверете го одговорот на прашање број 10. |
| **П12:** Дали е дозволено користење на приватно возило за превоз? Бидејќи организацијата не располага со свои возила.. и доколку е дозволено, како е правилно да се исплати трошокот?<br><br>Која формула да се користи при пресметка за патување со возило. | Да, дозволено е користење на приватно возило за потребите на проектот. Пресметката на буџетот за користењето на приватното возило треба да биде во согласност со внатрешните процедури на организацијата или со позитивната законска регулатива. Потребно е да се направи одлука или договор помеѓу сопственикот на возилото и организацијата/проектот за службено користење на возилото. Се препорачува единица мерка при буџетирањето на патувањата на персоналот да биде во километри. |
| **П13:** Кои трошоци (дневница, оброк, патни трошоци...) за ангажирање на волонтери се прифатливи бидејќи волонтеризмот е во фокус на проектот? | Трошоците поврзани со ангажирање на волонтери се прифатливи и треба да бидат во согласност со Законот за волонтерство и новата Стратегија за промовирање и развој на волонтерството 2021 – 2025. Висината и обемот на ангажманот на волонтери е на проценка на апликантите. |

| | |
|---|---|
| **П14:** Дали може да се троши lump sum за потребите на тимот (набавка на Верна картички за гориво)? | Глобални суми (lump sums) не се дозволени при буџетирањето. Меѓутоа, набавката на Верна картичка за гориво е прифатлив трошок.<br><br>Дополнително, проверете го одговорот на прашање број 12. |
| **П15:** Колку вкупно проекти би биле поддржани? | Преку овој повик ќе се доделат најмалку 6 грантови. |
| **П16:** Дали претседателот на здружението може да биде вклучен во проектниот тим или тоа е конфликт на интереси? | Да, може доколку претседателот е дел од извршната канцеларија / секретаријатот на здружението. Меѓутоа, не се препорачува членови на Управен одбор / Собрание да се ангажираат како надворешни соработници поради конфликт на интерес.<br><br>Дополнително, проверете го одговорот на прашања 10 и 11. |
| **П17:** Ние сме невладина организација која работи од 2016 година активни проекти за неформално образование со децата во социјален ризик.<br><br>Би сакала да се информирам дали ние спаѓаме во таа категорија како апликанти? Сакаме да аплицираме со проект за спорт и психофизички развој на децата во социјален ризик. Ве молам што поскоро да ми одговорите со цел да имаме време да го подготвиме проектот. | Апликанти на овој повик може да бидат **граѓански организации** кои работат со млади лица, активни на територијата на Р.С. Македонија и регистрирани согласно **Законот за здруженија и фондации**.<br><br>Коалицијата на младински организации СЕГА не може да дава мислење на идеи за предлог проект.<br><br>Погледнете го Поглавје 5 од Упатството за апликанти. |
| **П18:** Дали во рамки на проектот може да се изнајмува простор како Младински Центар каде што младите во Општина XXXXXXXX ќе можат да обавуваат активности во рамки на проект. | Да, прифатливи се трошоци за изнајмување на простории за активности. Овој трошок се буџетира во буџетска категорија 7 – Административни трошоци. |